Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 458/2
25. 12. 2024 год.
ГРАДСКО

# ЗАПИСНИК

**од 41-та седница на Советот на Општина Градско одржана на ден 12.12.2024 година, со почеток во 14.00 часот во салата на Општина Градско на следниот**

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од 40-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.
3. Предлог- Програма за социјална заштита, заштита на децата и здравсвена заштита за потребите на граѓаните на општина Градско за 2025 година.
4. Предлог- Програма за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Градско за 2025 година.
5. Предлог- Програма за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2025 година.
6. Предлог- Програма за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2025 година.
7. Предлог- Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година.
8. Предлог- Одлука за доделување награди по повод Денот на Општина Градско 16-ти Декември.
9. Разгледувања на барања и поднесоци.
10. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 41-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 40-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 40-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 40-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 40-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.

*3.Програма за социјална заштита, заштита на децата и здравсвена заштита за потребите на граѓаните на општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Јованче Стојанов- во врска со помошта за социјално загрозени семејства требаше за се изготви правилник.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравсвена заштита за потребите на граѓаните на општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравсвена заштита за потребите на граѓаните на општина Градско за 2025 година.

*4.Програма за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Јованче Стојанов- сите ли облекти треба општината да ги врати во првобитна положба.

Мирјана Ѓорѓиева- пишува оние кои се под надлежност на општината.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Градско за 2025 година.

*5.Програма за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Јованче Стојанов- останува ли оброкот само за учениците од 1 до 5 одделение.

Мирјана Ѓорѓиева- програмите трпат промени, доколку ина потреба ќе се направи измена и дополна.

Боне спасовски- со доградбата и со воведување на едносменско работење не е убаво за едни да има храна а за други да нема.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2025 година.

*6.Програма за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2025 година.

*7.Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година.

*8.Одлука за доделување награди по повод Денот на Општина Градско 16-ти Декември.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за доделување награди по повод Денот на Општина Градско 16-ти Декември.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за доделување награди по повод Денот на Општина Градско 16-ти Декември.

*9.Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Фатима Мемиши од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од Црвен крст на РСМ Општинска организација Велес за финансиска поддршка, средства кои ќе се искористат за крводарителите на крводарителската акција по повод Денот на Општина Градско.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

*10.Разно*

Боне Спасовски- во врска со црквата во село Свеќани во 2023 година не ни се пуштени средства, за 2024 година пуштија 10.000,00 денари, а требаше 20.000,00 денари, рековме да биде исто за сите, да се исправи грешката.

Тоше Петревски- кој е домар во црквата.

Боне Спасовски- од Велес е човекот.

Даниел Смилков- што имаме ние од него, никој нема клуч само Јосе има.

Боне Спасовски- немаме ништо ама како верски објект убаво е да се одржува.

Јованче Стојанов- сум бил таму и срдено е, чисто е, а тоа што го узурпирал местото како да е негово е друго.

Мирјана Ѓорѓиева- дали ние како совет имаме некаква надлежност.

Боне Спасовски- немаме.

Мирјана Ѓорѓиева- во врска со средствата не е направена грешка, се е во рамки на буџетот, толку средства имало.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 41-та седница во 15:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева